ФРУКТАЛ МАК
Акционерско друштво за производство,
преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
Бр. 02-11 10.05 2016 год.
с. Моране - Скопје

Врз основа на член 417 и член 418 од Законот за трговските друштва и член 75 од Статутот на друштвото, како и одлуката за измена на Статутот на друштвото, донесена на седница на собранието на акционери одржана на ден 10.05.2016 година, Собранието на акционерите на Фруктал Мак АД Скопје, на седницата одржана на ден 10.05.2016 година го усвои следниот:

# **С Т А Т У Т**
# **на ФРУКТАЛ МАК АД**

с. Моране - Скопје
(Пречистен текст)

## **Општи одредби**

Член 1

Фруктал Мак акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук с. Моране - Скопје (во понатамошниот текст: Акционерско друштво) е запишано во трговскиот регистар при Основниот Суд Скопје 1 во Скопје под регистарска влошка број 02016995?-4-03-000.

Член 2

Со Статутот на акционерското друштво се регулира и утврдува:
- фирмата и седиштето, заштитен знак и печат;
- предмет на работење на акционерското друштво;
- износ на основната главнина;
- номиналниот износ на акциите, бројот на вкупно издадените акции;
- видовите и родовите на акциите и нивниот број;
- формата и начинот на објавувањето што се од значењето за акционерите;
- управувањето и раководењето со акционерското друштво;
- времето на траење на акционерското друштво;
- престанок на акционерското друштво;
- застапување, претставување и потпишување на акционерското друштво;
- распределба на добивката и на дивидендата во акционерското друштво;
- правата и обврските на работниците;
- информирањето и деловната тајна;
- општи акти на акционерското друштво.

## **Фирма и седиште**

Член 3

Акционерското друштво ќе работи под фирма: ФРУКТАЛ МАК Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, с. Моране - Скопје.

Скратеното име на фирмата што ќе го користи во правниот промет гласи: ФРУКТАЛ МАК а.д. Скопје.

Член 4

Седиштето на друштвото е во с. Морани, ул.5 бр.41 - Скопје.

За промена на седиштето на акционерското друштво одлучува Собранието со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Член 5

Фирмата и седиштето на друштвото, можат да бидат променети.

Одлука за промена на фирмата и седиштето на друштвото донесува Собранието на друштвото со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието.

Член 6

Акционерското друштво има заштитен знак.

Заштитниот знак претставува лого на доминантниот акционер Фруктал д.д. Ајдовшчина, Р. Словенија со назначување на името на друштвото.

Заштитниот знак на друштвото може да биде променет, односно овластувањето за употреба на заштитниот знак во секое време повлечено од основачот Фруктал Ајдовшчина.

Одлука за промена на заштитниот знак на друштвото донесува Собранието на друштвото со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието.

Член 7

Акционерското друштво има Печат во кружна форма, на кој кружно е испишано полното име на фирмата и седиштето, на македонски јазик.

Штембилот е во правоаголна форма и на него се испишани името на фирмата и седиштето, со простор за пишување на бројот и датата на заведување на актот.

Печатот и штембилот се употребуваат на сите општи и поединечни акти и коресподенцијата на акционерското друштво.

Бројот на печати и штембили го утврдува Управниот одбор.

Печатот и штембилот ги употребува и со нив работи само определено овластено лице, што го одредува Претседателот на Управниот одбор.

Член 8

Друштвото во внатрешниот и надворешниот промет ќе ги врши сите дејности утврдени со НКД (Општа клаузула за бизнис), освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган или друг надлежен орган.

Приоритетна дејност на друштвото е:
10.32 - Производство на сокови од овошје и зеленчук.

Друштвото е регистрирано за вршење на дејности во надворешната трговија.

Член 9

Предметот на работење на друштвото, друштвото го извршува преку функционирање на организациските единици, работните места и извршители определени со соодветниот општ акт.

Член 10

Промената на предметот на работење се врши врз основа на одлука што ја донесува Собранието на акционерското друштво, по претходно образложен предлог за економската оправданост на промената во согласност со законот со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието.

**Основна главнина на друштвото и акции**

Член 11

Основна главнина на акционерското друштво изнесува 4.811.218,30 ЕВРА.

Член 12

Основната главнина на друштвото се состои од вкупно 941.530 обични акции со право на глас според акционерската книга 941.530

Номиналната вредност на една акција изнесува 5.11 ЕУР.

**Обични акции**

Член 13

Обичните акции на сопствениците им даваат право на:

- глас во Собранието на а.д. ;
- исплата на дел од добивката (дивиденда), која зависи од остварената добивка и се исплатува после исплата на дивидендата за приоритени акции ; и

- исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно стечајната маса на а.д.

Обичните акции можат да се пренесуваат на начин определен со Закон.

Членот 14 е избришан

Член 15

За издадените акции се води книга на акционери во Централниот депозитар на хартии од вредност во електронска форма, која ги содржи особено овие податоци:

- име и презиме на акционерот ;
- место на живеење на акционерот (адреса);
- државјанство;
- матичен број на акционерот;
- број на запишани акции;
- пренос на акциите;
- ограничување на располагање и оптоварување на акциите и
- други измени на уписи.

Согласно процедурите на Централниот депозитар, на барање на секој акционер се овозможува увид во книгата на акционери на акционерското друштво. Доколку тоа не му се овозможи, истото може да го оствари во вонпроцесна постапка.

**Пренос на акции**

Член 16

Сопственикот на акцијата, на кого му е пренесена акцијата согласно законот и овој статут, ги има сите права и обврски како и претходниот сопственик на пренесената акција.

Пренесувањето на акциите се смета за извршен, кога истиот ќе биде запишан во Централниот депозитар.

Член 17

Пренесувањето, односно промената на сопственикот на акцијата, се впишува во акционерската книга, со датумот на извршениот пренос.

Член 18

Секој акционер може да овласти свој полномошник на собранието со полномошно заверено кај нотар.

Член 19

Друштвото може да издаде нови акции од наредни емисии. Собранието на друштвото со одлука за издавање на акции ги утврдува карактеристиките на акциите од наредните емисии, во согласност со законските прописи.

Сопствениците на обичните акции може да имаат приоритетни права на купување на акциите од наредните емиси утврдени со одлуката за издавање на акции.

Акционерите немаат право на поврат на средствата што ги уплатиле на име на купување акции.

**Зголемување и намалување на основната главнина**

Член 20

Зголемување и намалување на основната главнина на друштвото ќе се врши согласно со Законот за трговски друштва.

**Управување и раководење со акционерското друштво**

Член 21

Органи на акционерското друштво се:
- Собранието;
- Управен одбор;
- Надзорен одбор.

**Собрание**

Член 22

Собранието го сочинуваат акционерите, односно од нив именуваните застапници со полномошно заверено кај нотар.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас.

Член 23

Собранието се свикува и работи по постапка утврдена со одредбите на Законот за трговските друштва и овој статут.

Член 24

Годишното собрание го свикува Управниот одбор на друштвото по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.

Ако Управниот одбор не го свика собранието во рокот, тоа ќе го стори Надзорниот одбор.

Барање за свикување на собрание може да поднесат акционери чии заеднички акции во акционерското друштво изнесува една десетина од основната главница.

Барањето се поднесува писмено, до Управниот одбор.

Член 25

Собранието се свикува со праќање на покана или јавен повик, во рок од 21 ден, но не повеќе од 50 дена, од доставувањето на поканата, односно објавувањето на јавниот повик.

Член 26

Поканата, односно јавниот повик, покрај другите податоци задолжително го содржи предложениот дневен ред од страна на Управниот одбор односно Надзорниот одбор.

Акционерите чие заедничко учество изнесува 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да предложат вклучување на нови точки во дневниот ред.

Барањето за проширување на дневниот ред се доставува писмено во рок од 8 (осум) дена од денот на испратената покана, односно објавениот јавен повик за учество во Собранието.

Член 27

На секој акционер му припаѓа правото на учество во работата на Собранието и на правото на гласање, односно една акција еден глас, ако со закон поинаку не е определено.

Правото на акционерот на учество во работата и на глас во Собранието се остварува лично или преку именуван полномошник.

Член 28

Секој акционер може да именува лице кое ќе го застапува на Собранието.

Именувањето на застапник во Собранието се врши со писмено полномошно заверено од нотар, кое ќе има важност до неговото повлекување и до акционерското друштво мора да биде доставено најмалку три дена пред одржувањето на Собранието.

Член 29

Бројот на гласовите во Собранието изнесува 912.023 што е соодветен на вкупниот број на обични акции.

Член 30

Со работата на Собранието раководи претседавачот на Собранието.

Претседавачот на собранието се избира за секое одделно собрание.

Изборот на претседавачот се врши со јавно гласање со мнозинство на гласови од вкупниот број на гласови во Собранието.

Претседавачот на Собранието се избираат со мандат до изборот на претседавач на наредното собрание.

Член 31

Собранието може да се одржи ако се присутни верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

Собранието ги донесува одлуките со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието ако со закон или овој Статут не е определено поголемо мнозинство.

Гласањето е јавно, ако со закон или овој Статут не е предвидено тајно гласање.

Член 32

За работа на Собранието се води записник чија содржина, потпишување, заверување и чување е утврдено со закон.

Записникот ги содржи особено следните податоци:

- фирма и седиштето на акционерското друштво;
- времето и местото на одржувањето на Собранието;
- името и претседавачот на Собранието, името на записничарот и имињата на бројачите на гласови ако се именуваат;
- значајни настани на Собранието како и поднесени предлози;
- одлуките, бројот на гласови взав и впротивг и бројот на воздржаните гласови.

Записникот го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го оверуваат акционерите избрани од присутните акционери на Собранието. Секој акционер може да бара од Претседателот на Управниот одбор, издавање на препис од записникот или копија на записникот од Собранието. Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку 10 години.

Член 33

Собранието на акционерското друштво ги врши следните работи:

- го донесува статутот
- врши измени и дополнувања на статутот со 3/4 мнозинство од вкупниот број на гласови во Собранието;
- ги разгледува и усвојува годишната сметка и годишниот извештај;
- одлучува за одобрување на годишниот извештај за работа на членовите на Управниот одбор;

- одлучува за распределба на добивката;
- одлучува за статусните промени во акционерското друштво;
- одлучува за зголемување или намалување на основната главнина на акционерското друштво;
- одлучува за промена на фирмата и седиштето на акционерското друштво;
- ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор;
- ја следи и одобрува работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор;
- одлучува за прашања од областа на управувањето по барање на Управниот одбор;
- одлучува за други случаи изрично утврдени со законот или овој Статут.

**Управен одбор**

Член 34

Управниот одбор на акционерското друштво брои три члена.

Членовите на Управниот одбор ги именува Надзорниот одбор.

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години со можност едно лице да биде избрано за член на Управниот одбор.

Член 35

Со одлуката за именување на членови на Управниот одбор се определува претседател на Управниот одбор кој ги обавува работните задачи на Генерален директор. Претседателот на Управниот одбор го застапува и претставува Акционерското друштво во односите со трети лица без ограничување на овластувањата.

Член 36

Разрешувањето на член на Управниот одбор пред истекот на времето за кое е именуван нема влијание врз склучениот договор за работа доколку таков е склучен помеѓу работникот и овластеното лице на друштвото.

Член 37

Со актот на именување на членовите на Управниот одбор се определува начинот и износот на наградата на членови на Управниот одбор, а може и да се предвиди ова прашање да биде регулирано со менаџерски договор склучен меѓу членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор.

Член 38

Членовите на Управниот одбор се должни да ги вршат своите работи во интерес на друштвото, акционерите и вработените со внимание на уредни и совесни трговци да ја чуваат деловната тајна.

Членовите на Управниот одбор се одговорни за штетата што ќе му ја нанесат на друштвото и за тоа одговараат како солидарни должници.

Членовите на Управниот одбор не се одговорни за штетата што настанала со нивно работење врз основа на одлука на Собранието на друштвото, а за која тие пред нејзиното донесување укажале дека е во спротивност со законот.

## Член 39

Управниот одбор работи на седница.

Седниците на Одборот ги свикува претседателот, а во негово отсуство заменик претседател.

## Член 40

Управниот одбор може полноважно да одлучува ако се присутни најмалку половина од неговите членови.

Управниот одбор ги усвојува одлуките во рамките на својата надлежност со мнозинство од гласовите на присутните членови.

Заклучоци и одлуки Управниот одбор може да донесува и писмено без одржување на седница. Во таков случај мнозинството се смета од вкупниот број на членовите на Управниот одбор.

Во случај на поделени гласови одлучувачки ќе биде гласот на претседателот на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор можат да се одржуваат и по кореспондентски пат: преку писмена преписка, телефон, факс, е-маил и друга слична комуникација. Претседателот на управниот одбор составува записник во кој видно се означува начинот на одржување на седницата и донесените одлуки, со тоа што таквиот записник се верифицира од сите членови на Управниот одбор на наредната седница.

## Член 41

За работата на Управниот одбор се води записник што го потпишува претседателот, односно заменик претседателот и записничар.

## Член 42

Управниот одбор има најшироки овластувања да дејствува во сите околности во име на друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото, со исклучок на овластувањата кои изрично му се дадени на Надзорниот одбор и на Собранието на друштвото, а особено:

- ја води деловната политика и го води работењето на друштвото;
- ги донесува општите акти на акционерското друштво;
- ја утврдува внатрешната организација на друштвото;
- ја усвојува програмата за работа и годишниот план и дава насоки за нивното спроведување;

- одлучува за организациони промени во друштвото;
- го разгледува извршувањето на планот и остварувањето на деловните резултати на акционерското друштво и во врска со тоа презема соодветни мерки;
- донесува одлуки за расходување, отпис и оттуѓување на основни средства;
- донесува одлука за попис на основните средства и го усвојува годишниот извештај за извршениот попис на средствата, отпис И расходување;
- донесува одлуки во врска со земање и давање на краткорочни кредити (до 100.000,00 ЕУР) и долгорочни финансови кредити;
- донесува одлуки за давање, односно земање кредити во врска со тековното работење и во врска со планот на акционерското друштво;
- донесува одлуки за оттуѓување и набавка на постојните средства;
- ги утврдува предлозите на Собранието по кој Собранието расправа и одлучува;
- ги извршува одлуките на Собранието;
- одлучува за распоредување на работниците во зависност од потребите на работата;
- одлучува за правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос како второстепен орган;
- одлучува за предлозите и барањата од синдикатот, од областа на заштитата на правата на работниците, материјалната и социјалната положба на работниците во согласност со закон и колективен договор;
- се грижи за преземање потребни дејствија за исполнување на со закон пропишаните обврски на акционерското друштво;
- презема мерки за извршување на обврските на акционерското друштво согласно законот за одбрана и подзаконските акти од областа на одбраната;
- одлучува и по други прашања и врши и други работи утврдени со закон и овој статут.

Член 43

Управниот одбор со претходна согласност на Надзорниот одбор ги усвојува следните одлуки:

- затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;
- намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;
- одобрување на склучување на договор со поголемо значење и со подолг период на траење (лиценцни договори, договори за вложувања, долгорочна кооперација и други видови на договори за постојана соработка) како и за нивно раскинување;
- основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на друштвото;
- основање или престанок на подружници на друштвото;
- одлуки во врска со располагање со средствата и задолжување на друштвото чија вредност надминува 100.000,00 ЕУР;

- за усвојување на годишниот план.

Доколку Надзорниот одбор не ја даде согласноста, Управниот одбор може да бара одобрение од Собранието на друштвото.

Член 44

Управниот одбор е должен најмалку еднаш во три месеци да достави писмен извештај за работењето на друштвото за разгледување на Надзорниот одбор и еднаш годишно по истекот на деловната година годишен извештај за работењето на друштвото и нацрт план за работа во следната година.

Член 45

Претседателот на Управниот одбор особено ги има следните надлежности :

1) има најшироки овластувања во рамките на своите надлежности;
2) го застапува акционерското друштво во односите со трети лица во рамките на своите надлежности;
3) ги води работите на акционерското друштво во рамките на своите надлежности и е одговорен за работењето на акционерското друштво;
4) се грижи за извршување на одлуките на Управниот одбор;
5) ја предлага внатрешната организација на друштвото;
6) го организира пописот на основни средства;
7) дава упатства и налози на работниците во врска со работата;
8) поднесува извештај за својата работа на секои три месеци;
9) поднесува нацрт годишна сметка и нацрт годишен извештај за работењето на акционерското друштво;
10) склучува Колективен договор со Синдикалната организација и ја следи примената;
11) одлучува за прием на нови работници;
12) донесува одлуки за престанок на работен однос;
13) како дисциплински орган донесува одлука за изрекување на парична казна согласно законот за работни односи;
14) донесува одлуки за распоредување на работниците;
15) издава налози и упатства за работа;
16) одлучува за други прашања од работењето на акционерското друштво;
17) врши и други работи предвидени со договорот за работа.

Член 46

Претседателот на Управниот одбор е одговорен за законитоста на работењето на акционерското друштво.

**Надзорен одбор**

Член 47

Надзорниот одбор има три члена именувани од Собранието на друштвото.

Од редот на членовите кои ги именува Собранието, Надзорниот одбор избира претседател.

Членовите на надзорниот одбор се именуваат за време од 4 години по можност за реизбор.

Член 48

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со акционерското друштво што го врши Управниот одбор.

Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите, документите и списите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и постоечкиот износ на хартии од вредност и стоки. Надзорниот одбор за вршење на некои стручни работи од надзорот може да задолжи определени членови или стручни лица.

Надзорниот одбор го свикува собранието на друштвото, кога тоа го бараат интересите на друштвото. Одлуката за свикување на собранието членовите на надзорниот одбор ја донесуваат со обично мнозинство.

Надзорниот одбор донесува одлуки за одобрување на договори за инвестициони вложувања кои не се предвидени во годишниот бизнис план.

Член 49

Надзорниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство гласови од сите членови. При поделба на гласовите, гласот на претседателот на надзорниот одбор е одлучувачки.

Работата на седниците на Надзорниот одбор ќе се одвива според деловник за работа усвоен од Надзорниот одбор согласно овој Статут.

Член 50

Седниците на Надзорниот одбор можат да се одржуваат и по кореспондентски пат: преку писмена преписка, телефон, факс, е-маил и друга слична комуникација. Претседателот на Надзорниот одбор составува записник во кој видно се означува начинот на одржување на седницата и донесените одлуки, со тоа што таквиот записник се верифицира од сите членови на Надзорниот одбор на наредната седница.

Член 51

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на Надзорниот одбор дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување состанок.

За сите одлуки донесени на начинот од став 1 на овој член, претседателот на Надзорниот одбор или физичкото лице кое што тој ќе го овласти, подготвува записник во кој што се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство член на Надзорниот одбор, најдоцна во рок од триесет дена од денот

на давањето согласност за одлуката која што ја донеле без одржување состанок.

Одлуките донесени на начинот од став 1 на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од став 1 на овој член од страна на сите членови на Надзорниот одбор, освен ако во одлуката не е утврден момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпиес, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог - одлуката.

**Забрана на конкуренција**

Член 52

Член на Управниот одбор не смее без одобрение на Надзорниот одбор да за своја или за туѓа сметка да вршат работи кои што спаѓаат во предметот на работење на друштвото; да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице; да биде член на орган на управување или член на Надзорен одбор, односно контролор во друго друштво кое што има ист или сличен предмет на работење, како и за друштвото и во простприите на друштвото да врши работа за своја или за туѓа сметка.

Ако член на Управниот одбор ја прекрши забраната од став 1 на овој член, друштвото може да бара надомест на штета.

**Субјективитет и време на траење**

Член 53

Акционерското друштво се основа со траење на неопределено време.

Акционерското друштво престанува кога ќе настапи било која од причините утврдени со закон, како и кога Собранието ќе донесе одлука за престанок на акционерското друштво.

Одлука за престанок на акционерското друштво, Собранието донесува со 3/4 од гласовите од вкупниот број на гласови.

Член 54

Во правниот промет со трети лица акционерското друштво има права и обврски на трговско друштво.

За своите обврски акционерското друштво одговара со целокупниот свој имот.

**Застапување и прокура**

Член 55

Претседателот на Управниот одбор го застапува акционерското друштво во односите со трети лица и одговорен за водење на работите на друштвото во согласност со законот за трговски друштва.

Член 56

Со одлука на Надзорниот одбор може да се даде прокура на друго лице под услови и начин утврдени со закон.

Овластувањата на прокуристот Претседателот на Надзорниот одбор ќе му ги даде на посебен вид на полномошно.

Прокуристот не може без посебно овластување да оттуѓи оптовари недвижнина, да преземе правни дејствија со кои се започнува стечајната постапка или пак дејствија за престанок на работа на акционерското друштво.

**Утврдување на деловниот резултат и распределба на добивката**

Член 57

Акционерите во согласност со закон имаат право на делот од годишната добивка на акционерското друштво што Собранието ја утврдува според остварените резултати.

Член 58

За работењето на акционерското друштво се водат и деловни книги согласно законските прописи.

За остварените резултати се составува завршна сметка врз основа на тоа се врши распоредување и распределба на добивката согласно законските прописи.

Член 59

Собранието одлучува за тоа кој дел од добивката ќе се подели на работниците врз база нивното учество со тековниот труд во остварувањето на добивката, кој дел ќе се реинвестира или ќе се даде во резерви на акционерското друштво.

Член 60

Висината на дивидендата се утврдува годишно со годишната сметка и ја утврдува Собранието.

Со одлуката за утврдување на висината на дивидендата, Собранието ги утврдува роковите за исплата на дивидендата.

Собранието може да одлучи дивидендата, наместо да се исплати на акционерите, да се искористи за финансирање на одредени програми за развој или за други потреби на акционерското друштво.

Член 61

Исплатата на дивидендата се врши на последниот сопственик на акцијата, кој е регистриран како нејзин сопственик во акционерската книга евидентирана во Централниот депозитар.

Член 62

Деловниот резултат се утврдува со билансот на успехот на крајот на деловната година.

Акционерите, во согласност со законот имаат право на делот од годишната добивка на акционерското друштво што Собранието ќе ја утврди за распределба.

Висината на дивидендата Собранието ја утврдува според остварените резултати.

Член 63

За работењето на акционерското друштво се водат деловни книги согласно законските прописи.

За остварените резултати се составуваат пресметки, односно завршна сметка согласно законот за сметководство а врз основа на годишната пресметка се врши распределба на добивката и дивидендата.

Акционерското друштво има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран со издвојување од нето добивката.

Издвојувањето на задолжителната резерва согласно став 3 на овој член се врши се додека резервите на акционерското друштво не достигнат износ кој е еднаков на 1/5 од основната главнина.

Ако така создадената резерва се намали мора да се наполни на ист начин. Општата резерва може да се употреби за покривање на загуба.

Кога општата резерва го надмине најмалиот износ и по покривањето на сите загуби според годишната сметка, Собранието може да одлучи вишокот да се употреби за дополнување на дивидендата, доколку таа за деловната година не го достигнала најмалиот износ пропишан со закон и овој статут.

Член 64

Загубите на акционерското друштво се покриваат од средствата што за таа намена можат да се користат согласно законските прописи.

Доколку со средствата на акционерското друштво не може да се покријат загубите и акционерското не може да продолжи со работење се покренува постапка за престанок на постоење на акционерското друштво.

**Права и обврски на работниците**

Член 65

Работниците во акционерското друштво ги остваруваат своите права, обврски и одговорности од работниот однос во согласност со законот, овој статут, колективниот договор и други општи акти на акционерското друштво.

Член 66

Одлуката за статусна промена на акционерското друштво (поделба или припојување) ја донесува Собранието.

Предлог за статусна промена на акционерското друштво дава Управниот одбор поткрепен со елаборат за економската оправданост за предложената статусна промена.

Предлогот го разгледува Собранието кое врз основа на оцена на елаборатот донесува оцена дали ќе го прифати предлогот.

Ако Собранието го прифати предлогот донесува одлука за отпочнување на постапка за извршување на статусни промени.

Член 67

Меѓусебните односи на друштвото со новонастанатите друштва во случаите од член 66 се уредуваат со договор.

**Деловна тајна**

Член 68

Под деловна тајна во акционерското друштво се сметаат сите исправи, документи, податоци, материјали и акти кои со закон, други прописи или со посебен општ акт се прогласени за деловна тајна, односно се означени како такви на самиот доцумент односно медиум.

Соопштувањето на споменатите податоци на трети лица во врска со работењето на акционерското друштво или работењето на вработените во акционеерското друштво би било спротивно на интересите на акционерското друштво.

Под деловна тајна особено се сметаат посебни исправи и податоци од производен, технолошки, комерцијален, финансиски карактер, како и технички податоци за имотно правната документација и платите на вработените.

Управниот одбор донесува општ акт за тоа што е деловна тајна како се одредува начин на заштитан а сите други факти битни за тајноста на податоците на акционерското друштво.

Член 69

Деловната тајна се должни да ја чуваат сите акционери и работници од акционерското друштво кои на било кој начин ќе ја дознаат истата.

Должноста за чување на деловната тајна трае и по престанокот на работниот однос во акционерското друштво.

Податоците кои претставуваат деловна тајна можат да станат достапни на трети лица само на начин утврден со посебен општ акт.

Доколку се прекрши обврската за чување деловна тајна против таквите лица ќе се покрене постапка за надомест на штета како и кривична одговорност.

Ако таквото лице е во работен или договорен однос со акционерското друштво, работниот однос ќе му престане без отказен рок.

**Информирање**

Член 70

Органите на акционерското друштво се должни да обезбедат редовно, навремено, вистинито, целосно и според содржината и обликот достапно информирање на акционерите и работниците.

Член 71

Информирањето во рамките на акционерското друштво се врши преку средства според можностите на друштвото.

**Општи акти**

Член 72

Внатрешните односи на акционерите во акционерското друштво се уредуваат со овој статут, колективниот договор и други општи акти.

Општите акти мора да бидат во согласност со овој статут.

Член 73

Акционерското друштво ги има следните општи акти:

- колективен договор;
- правилник за организација и систематизација на работни места;
- правилник за книговодство и финансиско работење;
- правилник за заштита при работа;
- правилник за противпожарно и физичко обезбедување;
- правилник за заштита на деловна тајна;
- акти од областа на одбраната;
- други општи акти што му се потребни на акционерското друштво во согласност со законските прописи.

Поодделни прашања регулирани со општите акти можат да се уредат и со одлуки на органите на друштвото.

Член 74

Општите акти наведени во претходниот член 73 ги донесува Управниот одбор, освен колективниот договор кој го склучува синдикатот и Претседателот на Управниот одбор.

Член 75

Статутот на акционерското друштво го донесува Собранието со 3/4 мнозинство од вкупниот број на гласови во Собранието, а истиот се потпишува од Претседателот на Собранието.

Член 76

Измените и дополнувањата на Статутот на друштвото се вршат на начин и постапка која важи за неговото донесување.

Измените и дополнувањата на други општи акти се вршат на начин и постапка која важи за нивното донесување.

## Преодни и завршни одредби

Член 77

Со стапување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на друштвото донесен на 30.12.2011 година.

За се што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од законот за трговски друштва, други законски прописи и општи акти на акционерското друштво.

ФРУКТАЛ МАК АД - Скопје
Собрание на акционери
Претседавач

АДВОКАТ
СТОЛЕСКА НАТАША
ул. Македонија бр.13а
070 527 771
СКОПЈЕ